# Што вели Библијата за Мухамед

Ахмед Дидат

BeliG

Скопје, 2023

Наслов
**Што вели Библијата за Мухамед**

Автор
**Ахмед Дидат**

Уредник
**Фатмир Ковачи**

Лектор
**проф. д-р Јадранка Владова**

Рецензија
**д-р Амел Куртиши**
**Енис Максутоски**

Техничко уредување
**Абдурахман Салоски**

Дизајн
**Абдулах Мифтари**

Техничка обработка
**Абдулах Мифтари**

Тираж
**1000 примероци**
www.belig.mk

Наслов на оригиналот:

Ahmed Deedat

**What the Bible says about Muhammed**

Превод

**Фатмир Ковачи**

# Мојата прва поважна средба

**„Кажете ми, ако ова (Куранот) е од Аллах[1] а вие го негирате, и ако еден од синовите Израилови[2] посведочи дека овој Куран е од Аллах (како и Тората)...“** (Куран, 46:10)

Господине претседавач, дами и господа!

Предметот на овој вечерашен говор[3] – „Што вели Библијата за Мухамед“, без сомнение на многумина од вас ќе им дојде како изненадување, бидејќи говорникот е муслиман. Како дошло до тоа муслиман да ги разјаснува пророштвата од еврејските и од христијанските Свети книги?

Како млад човек, пред околу 30 години, јас присуствував на низа религиски предавања на еден христијански теолог, познатиот уважен Хитен, во „Кралскиот Театар“, во Дурбан, во Јужна Африка.

---

[1] Аллах – Бог, Господар на световите, Творец на сè...; Во јудаизмот: Јахве, христијанството: Господ, Бог. (Заб. на прев.)

[2] Ова се однесува на Мојсеј. Види го коментарот на Јусуф Али, бр. 4783/4 за овој стих.

[3] Ова е текстот од предавањето на авторот одржано во раните седумдесетти години од дваесеттиот век.

# Папата или Кисинџер

Овој уважен господин ги разјаснуваше библиските пророштва. Тој дошол дотаму што докажуваше дека христијанската Библија го претскажала подемот на советска Русија и последните дни. Во определена смисла, тој отишол дотаму во докажувањето велејќи дека неговата Света книга не го оставила ни Папата надвор од своите претскажувања. Тој храбро се продлабочил во исказот, со цел да ја убеди својата публика дека „Ѕверот 666“, спомнат во Откровението – последната книга од Новиот Завет – е Папата, кој бил Намесникот на Христос на Земјата. Не ни прилега нам, на муслиманите, да навлегуваме во оваа контроверзност меѓу римските католици и протестантите. Патем кажано, последната христијанска претпоставка за „Ѕверот 666“ од христијанската Библија е Хенри Кисинџер (Henry Kissinger).4 Христијанските научници се снаодливи и неуморни во своите напори да го докажат овој случај.

Предавањата на уважениот Хитен ме наведоа да се запрашам околу тоа ако Библијата претскажала толку многу работи, не исклучувајќи ги ни „Папата“ ни

[4] Христијанските егзегети дале прогресивни нумерички вредности преку шестките, со англиската азбука и додавале за да го добијат збирот 666. На пример: A=6, B=12, C=18, D=24 итн. Прогресијата со шестките е направена поради тоа што бројот на Ѕверот во Библијата е „666“. Направете обид со името д-р Кисинџер.

„Израел“, тогаш таа сигурно кажува и нешто за најголемиот добросторител на човештвото[5], чесниот Пратеник Мухамед (Аллаховиот благослов и мир нека се над него).

Како момче јас тргнав во потрага по одговорот. Среќавав свештеник по свештеник, посетував предавања и читав сè што ќе ми дојдеше при рака, поврзано со библиските пророштва. Вечерва ќе ви раскажам едно од овие интервјуа со свештеникот од Холадската реформирана црква.

## Среќната тринаесетка

Бев поканет во Трансвал[6] да одржам говор по повод прославата на роденденот на чесниот Пратеник Мухамед. Знаејќи дека во таа провинција од Републиката, африканскиот јазик е широко прифатен, дури и од мојот народ, почувствував дека мора да здобијам површно знаење од овој јазик за да се чувствувам „поудобно“ со луѓето. Го отворив телефонскиот именик и почнав да се јавувам во Црквите каде што се зборуваше африкански. На свештениците им ја навестував мојата намера дека сум заинтересиран да водам дијалог со нив, но сите ја одбиваа мојата молба со „прифатливи“ изговори. Бројот 13 беше мојот среќен број. Тринаесеттиот повик ми донесе задоволство и олеснување. Свештеникот Ван Херден (Van Heerden) се согласи да се состане со мене во неговиот дом, во сабота попладне кога требаше да заминам од Трансвал.

---

[5] Писателот имал и друго предавање во Градската сала во Дурбан, на 10 декември, 1975 г. на тема **„Мухамед Најголемиот“** (Muhammed the Greatest).

[6] Една од Провинциите на Република Јужна Африка.

Тој ме прими на неговата веранда со пријателско добредојде. Тој рече, ако не ми пречи, тој би сакал и неговиод тест од Фри Стејт (Free State) (70-годишен човек) да ни се придружи во дискусијата. Мене не ми пречеше тоа. И тројцата се сместивме во библиотеката на свештеникот.

## Зошто ништо

Го поставив прашањето: „Што вели Библијата за Мухамед?"

Без колебање тој одговори „Ништо!"

Јас прашав: „Зошто ништо? Според вашето толкување, Библијата кажува толку многу нешта за подемот на советска Русија и за последните дни и дури и за Папата на Католичката црква!"

Тој рече, „Да, меѓутоа нема ништо за Мухамед!"

Јас повторно прашав, „Зошто ништо? Сигурно овој човек, Мухамед, бил одговорен за создавањето на светски познатата заедница од милиони верници кои, врз основа на неговиот авторитет, веруваат во:

(1) чудесното раѓање на Исус,
(2) дека Исус е Месијата,[7]

[7] Зборот „Месих" доаѓа – и во арапскиот и во еврејскиот, од глаголот *масаха* што значи да *триеш, да известиш, да прибележиш.* Религиското значење му е „помазаниот" – свештениците и кралевите биле помазувани при поставувањето на нивните функции. Месија, преведено како Христос, не значи Бог. Дури и незнабожниот Кира е наречен „Христос" во Библијата, (Исаија 45:1).

(3) дека тој им давал живот на мртвите со Божја дозвола и дека ги излекувал оние кои биле родени слепи и лепрозни, со Божја дозвола.

Сигурно оваа книга (Библијата) мора да вели нешто за овој Голем водач на луѓето кој толку добро зборувал за Исус и за неговата мајка Марија?“

Старецот од Фри Стејт одговори: „Синко, сум ја читал Библијата во последните 50 години и ако имало какво и да е навестување за него, би знаел за тоа.“

## Никој според името!

Јас прашував: „Според вас, зарем нема стотици пророштва за доаѓањето на Исус во Стариот Завет?“

Свештеникот се уфрли: „Не стотици, илјадници!“

Јас реков, „Нема да расправам за ‚илјада и едното‘ пророштво во Стариот Завет во однос на доѓањето на Исус Христос, зашто сиот муслимански свет веќе го прифатил него без сведоштвото на кое било библиско пророштво. Ние, муслиманите сме го прифатиле Исуса де факто само врз основа на авторитетот на Мухамед, а денес во светот има околу милијарда и петстотини милиони приврзаници на Мухамед кои го сакаат, го почитуваат и го ценат Исус Христос како голем Веровесник на Бога без да бидат убедувани од христијаните, преку нивните библиски дијалектики. Од ‚илјадниците‘ пророштва што ги спомнавме, ќе можете ли, ве молам, да ми кажете барем едно пророштво во коешто Исус е спомнат според името? Терминот ‚Месија ‘, преведен како

‚Христос‘, не е име туку назив. Дали има барем едно Пророштво во кое се вели дека името на Месијата ќе биде Исус и дека името на неговата мајка ќе биде Марија, дека неговиот божемен татко ќе биде дрводелецот Јосиф, дека ќе биде роден за време на владеењето на кралот Ирод, итн. итн.? Не! Не постојат такви детали! Тогаш, како ќе заклучите дека тие ‚илјада‘ пророштва се однесуваат на Исус (Мир над него)?“

## Што е Пророштвото?

Свештеникот одговори: „Знаете, пророштвата се зборови-слики за нешто што ќе се случи во иднината. Кога таа работа треба да се случи, ние во овие пророштва јасно го гледаме исполнувањето на она што било претскажано во минатото.“

Јас реков: „Она што вие го правите, всушност, е расудување, извлекување заклучок.“

Тој рече: „Да.“

Јас реков: „Ако ова е она што морате да го сторите со ‚илјадате‘ пророштва за да го оправдате вашето барање во однос на вистинитоста на Исус, зошто да не го прифатиме сосема истиот систем и за Мухамед?“

Свештеникот се согласи дека тоа е фер предлог, разумен начин за справување со проблемот.

Јас го замолив да отвори кај Повторените закони, поглавје 18, стих 8, што тој и стори. Наизуст го кажав стихот на африкански, бидејќи со тоа имав намера да

добијам мала вежба со јазикот на владејачката раса во Јужна Африка.[8]

> **„Јас ќе им издигнам пророк од браќата нивни, каков што си ти, ќе ги ставам зборовите Мои во устата Негова и Он ќе им каже сè што Јас ќе му заповедам.“** (Повторени закони, 18:18)

## Пророк сличен на Мојсеј

Откако го изрецитирав стихот на африкански, се извинив за моето несигурно изговарање, свештеникот ме убедуваше дека добро ми оди. Јас прашав: „На кого се однесува ова пророштво?“

Без никакво двоумење тој одговори: „Исус!“

Јас прашав: „Зошто Исус?... Неговото име не е спомнато тука.“

Свештеникот одговори: „Со оглед на тоа дека пророштвата се зборови-слики за нешто што ќе се случи во иднината, наоѓаме дека зборовите во оваа реченица соодветно го опишуваат него. Гледате дека најважните зборови во ова пророштво се – КАКОВ ШТО СИ ТИ – како Мојсеј, а Исус е како Мојсеј.“

Јас прашав: „На кој начин Исус е сличен на Мојсеј?“

---

[8] Со оглед на тоа што во нашиот случај е важен македонскиот превод на Библијата, а не африканскиот, ние ќе се послужиме со преводот на Светото писмо на македоснки јазик, II издание, издадено од Британското и иностранo библиско друштво – Svindon, во соработка со Македонска Книга – Скопје (Заб. на прев.).

Одговорот беше: „Најпрвин Мојсеј бил Евреин и Исус, исто така, бил Евреин; второ, Мојсеј бил Пророк и Исус, исто така, бил Пророк – според тоа Исус е сличен на Мојсеј и тоа е токму она што Бог го претскажал ‚КАКОВ ШТО СИ ТИ'".

„Дали можете да се сетите на која и да е друга сличност меѓу Мојсеј и Исус?" –прашав јас. Свештеникот рече дека не може. Јас одговорив: „Ако ова се единствените два критериума за пронаоѓање на кандидатот за ова пророштво од Повторените закони 18:18, тогаш во тој случај критериумот би соодвествувал со секој од следните библиски личности по Мојсеј: – Соломон, Исаија, Езекиил, Даниил, Хоше, Јоел, Малахија, Иван Крстителот итн., бидејќи сите тие, исто така, биле Евреи, а воедно и Пророци. Зошто да не му го припишеме ова пророштво на кој било од овие пророци, а зошто токму на Исус? Зошто да правиме риба од едниот, а петел од другиот?" Свештеникот немаше одговор. Јас продолжив: „Гледате, моите заклучоци се дека Исус е најмногу различен од Мојсеј, а ако не сум во право би сакал да ме коригирате."

# Три разлики

Останувајќи така, јас резонирав со него: „Најпрвин, Исус не е сличен на Мојсеј поради тоа што, според вас – ‚Исус е Бог‘, а Мојсеј не е Бог. Дали е ова точно?“

Тој рече: „Да.“

Јас реков: „Според тоа, Исус не е сличен на Мојсеј! Второ, според вас –‚Исус умрел за гревовите на светот‘, но Мојсеј не морал да умре за гревовите на светот. Дали ова е точно?“

Тој рече: „Да.“

Јас реков: „Според тоа, Исус не е сличен на Мојсеј! Трето, според вас –‚Исус бил во пеколот три дена‘, а Мојсеј не морал да оди таму. Дали е ова точно?“

Тој понизно одговори: „Д-а.“

Јас заклучив: „Според тоа, Исус не е сличен на Мојсеј!“. „Но, свештенику,“ продолжив јас, „ова не се цврст факти, солидни факти, тие се повеќе прашање на верување преку кои и децата можат да се сопнат и да паднат. Да подискутираме за нешто мошне едноставно, мошне лесно што, ако и малите деца го слушнат, не би им било тешко да го следат. Може ли?“ Свештеникот беше сосема задоволен од предлогот.

# Татко и мајка

(1) „Мојсеј имал татко и мајка. Мухамед исто така имал татко и мајка. Но Исус имал само мајка, а немал татко – човек. Дали е ова точно?“

Тој рече: „Да.“

Јас реков: „Според тоа, Исус не му е сличен на Мојсеј, туку Мухамед му е сличен на Мојсеј!“

# Чудесно раѓање

(2) „Мојсеј и Мухамед биле родени на нормален, природен начин, т.е. како резултат на физичкото здружување на мажот и на жената, а Исус бил создаден со посебно чудо. Вие се сеќавате дека во Евангелието според св. Матеј, 1:18, ни е кажано: **‚...Уште пред да се состанат, (дрводелецот Јосиф и Марија) се виде дека е тешка од светиот дух‘**. Св. Лука ни кажува дека кога добрата вест за раѓањето на светиот син ѝ била објавена нејзе, Марија расудувала: **‚...Како ќе биде тоа, кога јас не знам за маж?Ангелот ѝ одговори и рече: Светиот дух ќе слезе на тебе и силата на севишниот ќе те засени...‘** (Лука 1:34-35) Чесниот Куран го потврдува чудесното раѓање на Исус, со благородни и возвишени зборови. Како одговор на логичното прашање :

> **‚Господару мој, како ќе имам дете кога ниеден маж не ме допрел?‘**

Ангелот одговара:

**‚Ете така. Аллах создава што сака Тој. Кога нешто ќе одлучи, тој само за тоа вели: Биди – и тоа бидува‘** (Куран, 3:47).

Не е неопходно Бог да засади семе во човекот или во животното. Тој едноставно го посакува тоа и тоа бидува. Ова е муслиманското сфаќање за раѓањето на Исус.“

(Кога му ги споредив куранските и библиските верзии за раѓањето на Исус на водачот на Библиското здружение во нашиот најголем град, и кога прашав: „Која верзија би ѝ ја дале на својата ќерка – куранската или библиската?“ Човекот ја наведна својата глава и рече: „Куранската“).

Накусо, му реков на свештеникот: „Вистина е дека Исус бил роден чудесно, за разлика од природното раѓање на Мојсеј и на Мухамед?“

Тој горделиво одговори: „Да“

Јас реков: „Според тоа, Исус не е сличен на Мојсеј, туку Мухамед е сличен на Мојсеј. А Бог му вели на Мојсеј во Книгата Повторени закони 18:18 **‚Каков што си Ти‘** (Како Тебе, Како Мојсеј) и Мухамед е сличен на Мојсеј.“

## Брачни врски

(3) „Мојсеј и Мухамед се жeнеле и зачнале деца, но Исус целиот свој живот останал неженет. Дали е ова точно?“

Свештеникот рече: „Да.“

Јас реков: „Според тоа, Исус не е сличен на Мојсеј, туку Мухамед е сличен на Мојсеј.“

## Исус отфрлен од својот народ

(4) „Мојсеј и Мухамед биле прифатени како пророци од нивните народи за време на својот живот. Нема сомнение дека Евреите му причиниле безброј грижи на Мојсеј и дека негодувале во пустината, но како народ, тие признале дека Мојсеј бил Веровесник на Бога, испратен за нив. Арапите, исто така, му го направиле животот на Мухамед невозможен. Тој многу страдал од нив. По 13 години проповедање во Мека, тој морал да емигрира од родениот град. Но пред да почине, арапскиот народ целост го прифатил како Веровесник на Аллах. Според Библијата: **‚(Исус) дојде при своите и своите не го примија.‘** (Јован 1:11). И дури и денес, по две илјади години, неговиот народ – Евреите, како целост, го одбиваат него. Дали е ова точно?“

Свештеникот рече: „Да“

„Според тоа, Исус не е сличен на Мојсеј, Мухамед е сличен на Мојсеј.“

## „Оносветско“ царство

(5) „Мојсеј и Мухамед биле пророци, а исто така и кралеви. Пророк значи човек кој го прима Божанското

откровение како Упатство за луѓето и ова Упатство тој им го пренесува на Божјите создании онака како што го примил, без никакво додавање или одземање. Кралот е личност која ја има моќта над животот и над смртта на неговите поданици. Небитно е дали личноста носи или не носи круна и дали му се обраќале како на крал, или монарх: ако човекот има исклучително право за изрекување смртна казна – тој е крал. Мојсеј поседувал таква моќ. Дали се сеќавате на Израелитот кој бил најден како собира дрвја за огрев во саботниот ден, а Мојсеј наредил да биде каменуван до смрт? (Броеви, 15:32). Има други злосторства, исто така, спомнати во Библијата за кои смртната казна им била одредена на Евреите, по налог на Мојсеј. Мухамед, исто така, имал моќ над животот и над смртта на своите луѓе. Има случаи во Библијата за луѓе кои биле обдарени само со пророштво, но тие не биле во положба да ги спроведат нивните наредби. Некои од овие божји светци кои биле беспомошни во однос на тврдокорното одбивање на нивната порака, биле пророците Лот, Јона, Даниил, Ездра, и Иван Крстителот. Тие само можеле да ја пренесат пораката, но не можеле да го спроведат Законот со сила. Светиот Пророк Исус (мир над него), исто така, ѝ припаѓал на оваа категорија. Христијанското евангелие јасно го потврдува ова: кога Исус бил доведен пред Римскиот прокуратор, Понтиј Пилат, обвинет за бунт, Исус во своја одбрана дал убедлива подробност за да го побие лажното обвинение: Исус одговори: **‚Моето царство не е од овој свет; ако беше царството мое од оној свет, тогаш моите слуги би ме бранеле, за да не им бидам продаден на Јудејците; но и царството мое сега не е овде.‘** (Јован, 18:36) Ова го убедило Пилат (паганинот) дека Исус, можеби, не е во целосна ментална контрола, не е опасен за неговото владеење. Исус барал само духовно Царство.

Со други зборови, тој само барал да биде Пророк. Дали е ова точно?“

Свештеникот одговори: „Да.“

Јас реков: „Според тоа Исус не е сличен на Мојсеј, туку Мухамед е сличен на Мојсеј.

## Без нови закони

(6) „Мојсеј и Мухамед им донеле нови закони и нови прописи на своите народи. Мојсеј не само што им ги дал Десетте заповеди на Израелитите, туку и мошне обемниот церемонијален закон, со упатство за својот народ. Мухамед доаѓа кај народ потонат во варварство и во неукост. Мажите се женеле со своите маќеи, живи ги закопувале своите ќерки, а пијанството, блудот, идолатријата и коцкањето биле дневни обичаи. Гибон ги опи-шува Арапите пред исламот во својата книга „Опаѓањето и пропаста на Римското Царство“: ‚Човечката бруталност, речиси бесчувствена малку се разликуваше од другите животински суштества.‘ Одвај имаше нешто што би направило разлика меѓу ‚човекот‘ и ‚животното‘ во тоа време; тие беа животни во човечка форма.“

„Од ова ниско варварство, Мухамед ги воздигнал, како што вели Томас Карлајл, ‚во носители на факелот на светлината и знаењето.‘ ‚За арапската нација тоа беше премин од мрак во светлина. Првпат Арабија оживеала преку него. Сиромашен номадски народ, талкајќи незабележан во својата пустина од создавањето на светот. Гледате, незабележаниот свет станува забележлив, мало-

то прераснало во големо, во светски размери. Во рамките од еден век, Арабија се протегнала од Гранада, од една страна, до Делхи, на друга. Одблесок на храброст и раскош и светлина на гениј, Арабија блеска над големиот дел од светот...‘ Факт е дека Мухамед им дал на својот народ закон и ред кои тие ги немале никогаш порано.“

„Што се однесува на Исус, кога Евреите се посомневале дека тој би можел да биде некој измамник, со намера да ги расипе нивните учења, Исус трпел болки за да ги увери дека не дошол со нова религија – со нови закони и прописи. Ги цитирам неговите зборови: **‚Немојте да мислите дека сум дошол да го поништам законот или пророците; не сум дошол да ги поништам, туку да ги исполнам. Зашто, навистина ви велам, дури постојат небото и земјата ниту една јота или црта од Законот нема да се измени, додека не се исполни сѐ‘** (Матеј, 5:17-18). Со други зборови, тој не дошол со некој нов закон или пропис, тој само дошол да го исполни стариот закон. Тоа е она што тој јасно им го ставил на знаење на Евреите – освен ако не зборувал со безобѕирен јазик обидувајќи се да ги залаже Евреите за неговото прифаќање како човек на Бога и обидувајќи се да им наметне нова религија. Не! Овој Веровесник на Бога никогаш не би прибегнал кон такви намери за да ја собори Божјата вера. Тој ги исполнувал законите. Тој ги запазил заповедите на Мојсеј и го почитувал сабатот. Во ниеден случај ниеден Евреин не покажал со прст кон него велејќи ‚зошто не постиш‘ или ‚зошто не ги миеш рацете пред да го скршиш лебот‘, обвинувањата кои тие секогаш ги искажувале против неговите приврзаници, но никогаш против Исус. Тоа е затоа што тој како добар Евреин ги почитувал законите на пророците што му претходеле.

Накусо, тој не создал никаква нова религија и не донел никаков нов закон како Мојсеј и Мухамед. Дали е ова точно?“ го прашав свештеникот, а тој одговори: „Да.“ Јас реков: „Според тоа, Исус не е сличен на Мојсеј туку Мухамед е сличен на Мојсеј.“

## Како умреле тие

(7) „И Мојсеј и Мухамед умреле од природна смрт, а според христијанството, Исус бил насилно убиен на крстот. Дали е ова точно?“

Свештеникот рече „Да.“

Јас потврдив: „Според тоа, Исус не е сличен на Мојсеј, туку Мухамед е сличен на Мојсеј.“

## Небескиот дом

(8) „Мојсеј и Мухамед, и двајцата лежат закопани во земјата, но според вас, Исус е на небото. Дали е ова точно?“ Свештеникот се согласи. Јас реков: „Според тоа, Исус не е сличен на Мојсеј, туку Мухамед е сличен на Мојсеј.“

# Исмаил Првородениот

Бидејќи свештеникот беспомошно се согласуваше за секоја точка, јас реков: „Свештенику, она што досега го правев е докажување на само една точка од целото пророштво – тоа е докажувањето на изразот ‚Каков што си ти', ‚Како Тебе', ‚Како Мојсеј'. Пророштвото е многу повеќе отколку овој единечен израз, што гласи како што следува: **‚Јас ќе им издигнам пророк од браќата нивни, каков што си ти…'** Нагласката е на **‚Од браќата Нивни'**, Мојсеј и неговиот народ, Евреите, овде се наречени расен ентитет, и како такви, нивните ‚браќа', несомнено би биле Арапите. Гледате, Светата Библија зборува за Авраам како ‚Пријател на Бога'. Авраам имал две жени – Сара и Агара. Агара му родила на Авраама син – неговиот првороден – **‚...и му стави Авраам на синот свој, кого го роди Агара, име Исмаил'** (Битие, 16:15). **‚Авраам, пак, го зеде Исмаила, синот свој...'** (Битие, 17:23), **‚А Исмаил, синот негов, имаше тринаесет години кога му беше обрежано крајче од телото негово.'** (Битие, 17:25). Сѐ до староста од тринаесет години Исмаил бил единствениот син и семе на Авраам, кога бил потврден заветот меѓу Бога и Авраам. Бог му подарува на Авраам уште еден син од Сара, по име Исак, кој бил многу помлад од својот брат Исмаил."

# Арапите и Евреите

„Ако Исмаил и Исак се синовите од ист татко – Авраам, тогаш тие се браќа. И така, децата на едниот се браќа на децата од другиот. Децата на Исак се Евреите, а децата на Исмаил се Арапите – значи тие едните со другите се браќа. Библијата потврдува, **‚...и (Исмаил) ќе живее пред лицето на сите браќа свои‘** (Битие, 16:12). **‚...потоа (Исмаил) заслабна и умре и се прибра кај својот народ‘** (Битие, 25:17). Децата на Исак се браќа на Исмаилитите. На сличен начин, Мухамед е од браќата на Израелитите бидејќи тој бил потомок на Исмаил, синот на Авраам. Ова е токму онака како што стои во пророштвото – **‚од браќата нивни‘**. (Повторени закони, 18:18). Таму пророштвото јасно спомнува дека пророкот што ќе дојде, кој ќе биде како Мојсеј, мора да се крене не од ‚децата на Израел‘ или од ‚самите нив‘, туку од нивните браќа. Според тоа, Мухамед е од нивните браќа!“

# Зборови во устата

„Пророштвото продолжува понатаму: **‚...ќе ги ставам зборовите мои во устата негова...‘** Што значи тоа кога се вели **‚...Ќе ги ставам зборовите мои во твојата уста?‘** Гледате, кога ве замолив (свештеникот) да отворите кај Повторените закони, во поглавјето 18, стихот 18, на почетокот, и ако ве замолив да читате, и ако читавте: дали со тоа ви ги ставив моите зборови во вашата уста?“

Свештеникот рече „Не.“

„Но“, јас продолжив: „Ако треба да ве учам некој јазик, како што е арапскиот, за кој немате знаење, и ако ве замолам да читате или да го повторувате по мене она што го кажувам, на пример: **‚Кажи: Тој е Аллах, Еден е! Аллах – Засолниште. Не раѓа и не е роден и никој не му е рамен.‘** (Куран, 112:1-4) (Му ги прочитав на арапски.) Зарем не би ги ставил овие непознати зборови на туѓ јазик што ги кажувате, во вашата уста?“

Свешетникот се согласи дека тоа навистина е така.

„На идентичен начин“, реков јас, „беа откровени зборовите од Чесниот Куран, Откровението доставено од Семоќниот Бог на Мухамед.“

Историјата ни кажува дека Мухамед имал четириесет години. Тој бил во пештерата околу три милји северно од градот Мека. Тоа било во 27-та ноќ од месецот Рамазан. Во пештерата архангелот Габриел му заповедал на неговиот мајчин јазик: **„Икра!“** што значи „Читај!“ Или „Објави!“ или „Рецитирај!“ Мухамед бил престрашен и во својата збунетост одговорил дека не е учен??! Архангелот вторпат му заповедал – со ист резултат. Ангелот продолжил и третпат.

Сега Мухамед сфаќа дека она што се бара од него е да повторува! И тој ги повторува зборовите небаре се ставени во неговата уста:

> **„Читај во името на Господарот твој кој создаде, го создаде човекот од нешто што се закачува! Читај, зашто Господарот твој, навистина, е Најблагороден, кој поучува за перото: го поучи човекот со она што не го знаеше.“** (Куран, 96:1-5)

Ова се првите пет стихови кои му беа откриени на Мухамед и кои сега го заземаат почетокот од 96. поглавје од Чесниот Куран.

## Верниот Сведок

Веднаш, откако ангелот заминал, Мухамед побрзал кон својот дом. Преплашен и сиот препотен, тој ја замолил својата сакана жена Хатиџа да „го покрие!“ Тој легнал, а таа бдеела над него. Откако се прибрал, тој ѝ објаснил што видел и слушнал. Таа го уверувала за нејзината вера во него и дека Аллах нема да дозволи нешто страшно да му се случи. Дали се ова признанија на некој измамник? Дали измамниците би признале дека кога некој ангел од Господарот би ги соочил со Порака од Највозвишениот – тие се обземени од страв, преплашени, се препотуваат, брзаат дома до нивните жени? Секој критичар може да види дека оваа реакција и признание доаѓаат од чесен, искрен човек, човек на Вистината – „Ел-Емин“ Чесниот, Правичниот, Верниот. Во текот на следните дваесет и три години од својот пратенички живот, зборовите биле „ставани во неговата уста“ и тој нив ги изрекувал. Тие оставале неизбришлив впечаток врз неговото срце и ум: и како што волуменот на Светата книга (Куранот) растел, тие биле запишувани на бројни различни предмети: пергаменти, кожа, дрвени таблици, лопатки од камили, на мек камен за гравирање и во срцата на неговите верни ученици. Пред неговата смрт овие зборови биле подготвени според неговите инструкции

според редоследот по кој ние денес ги наоѓаме во Чесниот Куран.

Зборовите (откровението), всушност, биле ставани во неговата уста, токму како што е претскажано во пророштвото за кое дискутираме: **„Ќе ги ставам зборовите мои во устата негова.“** (Повторени закони, 18:18)

## Неписмен Пророк

Искуството на Мухамед во пештерата Хира, подоцна позната како Џебелун-Нур – Планина на светлината и неговата реакција на првото Откровение е точно исполнување на уште едно библиско пророштво. Во книгата на Исаија, поглавје 29, стих 12, читаме:

**„И му ја даваат Книгата** (ел-Китаб, ел-Куран, ‚Читање‘, ‚Рецитација‘) **на оној кој не знае да чита.“** (Исаија, 29:12)

**„...веровесникот, кој не знае да чита и да пишува...“** (Куран, 7:158)

И библискиот стих продолжува: **„И велат: ‚прочитај ја‘; и тој одговара: ‚Не знам да читам.‘“** (Исаија, 29:12)

(„Не знам да читам“ е правилниот превод на арапските зборови кои Мухамед двапати му ги рекол на Светиот дух – архангелот Габирел, кога му било заповедано: „Читај!“).

Дозволете ми да го цитирам стихот во целост, како што се наоѓа во Светото писмо на македонски јазик: **„И му ја даваат книгата на оној кој не знае да чита, и велат:**

**‚прочитај ја‘; и тој одговара: ‚Не знам да читам.‘“** (Исаија, 29:12)

Важна забелешка:

Можеби треба да се забележи дека не постоеле арапски Библии во шестиот век од христијанската ера, кога Мухамед живеел и проповедал. Освен тоа, тој бил апсолутно неписмен и неук. Ниеден човек никогаш не го научил ниту еден збор. Неговиот учител бил неговиот Творец:

> **„Тој не зборува по желба своја, тоа е само Вдахновение што му се објавува! Го поучува Силниот и Моќниот.“** (Куран, 53:3-5)

Без какво и да е човечко учење, „тој ја понижил мудроста на мудреците.“

## Важно предупредување

„Гледате ли“, му реков на свештеникот, „како пророштвата му прилегаат на Мухамед како ракавица? Ние не мораме да ги растегнуваме пророштвата за да го докажеме нивното исполнување со Мухамед.“

Свештеникот одговори, „Сите ваши излагања звучат мошне добро, но тие се без реален исход, бидејќи ние христијаните го имаме Исуса Христа – ‚инкарнираниот‘ Бог, кој нè ослободил од робувањето на гревот!“

Јас прашав: „Не е важно? Бог не мислел така! Тој се потрудил неговите предупредувања да бидат евидентирани. Бог знаел дека ќе има луѓе како вас кои несериозно, безгрижно ќе ги одбиваат неговите зборови, така што

тој, во Повторените закони 18:19, предупредил со страшното предупредување: **‚А кој не ќе ги послуша зборовите што ќе ги зборува овој пророк од мое име, јас ќе му се одмаздам‘** Зар ова не ве застрашува? Семоќниот Бог се заканува со одмазда? Ние умираме од страв ако некој силеџија ни се закани, а вие не стравувате од предупредувањето на Бога?“

„Чудо над чудата! Во стихот 19. од Повторените закони, поглавје 18, понатаму имаме исполнување на пророштвото за Мухамед! Забележете ги зборовите – **‚...Зборовите што ќе ги зборува овој пророк од мое име‘**, во чие име зборува Мухамед?“ Го отворив англискиот превод на Куранот од Јусуф Али, на поглавјето 114 – „Поглавје Нас“ или Луѓе – последното поглавје и му ја покажав формулата на почетокот на поглавјето, и нејзиното значење: **„Во име на Бога, Милостивиот, Сочувствителниот.“** И насловот на поглавјето 113 и неговото значење: **„Во име на Бога, Милостивиот, Сочувствителниот.“** И во сите поглавја надолу – 112, 111, 110... постоеше истата формула и истото значење на секоја страница, бидејќи на крајот поглавјата се куси и заземат секое по страница.

„А што бараше вашето пророштво? **‚...Ќе ги зборува овој пророк од мое име‘**, и во чие име зборува Мухамед? **‚Во името на Бога, Милостивиот, Сочувствителниот.‘** Пророштвото е буквално исполнето со Мухамед: „Секое поглавје во Чесниот Куран, со исклучок на деветтото, започнува со формулата: **‚Во име на Бога, Милостивиот, Сочувствителниот.‘**

Муслиманот започнува секој законит чин со светата формула. Но христијанинот започнува со исказот: ,Во името на Отецот, синот и светиот дух.'"

Што се однесува на Повторените закони, поглавјето осумнаесет, ви дадов повеќе од 15 причини за тоа дека ова пророштво се однесува на Мухамед, а не на Исус.

## Крстителот контрадикторен на Исус

Во Новиот Завет наоѓаме дека Евреите сè уште го очекувале исполнувањето на пророштвото на доаѓањето на некој „сличен на Мојсеј". (Види Јован 1:19:25.) Кога Исус тврдел дека е Месијата на Евреите, Евреите почнале да го испрашуваат за тоа каде е Илија? Евреите имале паралелно пророштво дека пред доаѓањето на Месијата, Илија мора претходно да дојде со своето второ доаѓање. Исус го потврдвуа ова верување на Евреите:

**„...Илија ќе дојде порано и ќе уреди сè; но ви велам дека Илија веќе дојде и не го познаа,... тогаш учениците разбраа, дека он им зборува за Јована Крстител."** (Матеј, 17:11-13) Според Новиот Завет, Евреите не се оние што би ги проголтале зборовите на кој било божемен Месија. Во своите истражувања тие минале низ големи тешкотии, со цел да го најдат својот вистински Месија. Ова го потврдува Евангелието според Јован: **„И тоа е сведоштвото на Јована, (Крстителот) кога Јудејците испратија од Ерусалим свештеници и левити за да го прашаат ,Кој си ти?' Тој призна и не одрече, а објави: ,јас не сум Христос'"** (Јован, 1:19-20)

(Ова било единствено реално затоа што не може да има двајца Месии истовремено. Ако Исус бил Христос, тогаш Јован не можел да биде Христос!) **„И го прашаа: ‚А кој си? Илија ли си ти?' Одговори: ‚Не сум'"** (Овде Јован Крстителот е контрадикторен на Исус! Исус вели дека Јован е „Илија", а Јован негира дека е она што Исус му припишува да биде. Едниот од двајцата (Исус или Јован), не дај Боже!, дефинитивно не ја кажува вистината! Во сведоштвото на самиот Исус, Јован Крстителот бил најголемиот меѓу пророците на Израелититие: **„Вистина ви велам: меѓу родените од жена не се јавил поголем од Јована Крстител..."** (Матеј, 11:11)

Кај нас, муслиманите, Јован Крстител е познат како Јахја (мир над него). Ние го почитуваме него како вистински пророк на Аллах. Светиот Пророк Исус, нам познат како Иса (мир над него), исто така, е ценет како еден од најмоќните пратеници на Семоќниот. Како можеме ние, муслиманите, да му припишуваме лаги на некој од нив? Им оставаме на христијаните да го решат проблемот меѓу Исус и Јован, зошто нивните „свети" списи се преполни со несогласувања кои тие накусо ги објаснувале како „нејасни искази на Исус" Ние, муслиманите, всушност, сме заинтересирани за последното прашање кое му е поставено на Јован Крстителот од еврејската елита – **„‚Пророк ли си?', одговори: ‚Не.'"** (Јован, 1:21)

# Три прашања!

Ве молам, забележете дека три различни и одделни прашања му беа поставени на Јован Крстител, на кои тој дал три изразити **„Не!“** како одговори. Да повториме:

(1) Христос ли си?
(2) Илија ли си?
(3) Пророк ли си?

Но учените луѓе од христијанството некако гледаат само две прашања кои се имплицирани тука. За да ни биде двојно јасно дека Евреите дефинитивно имале *три* одделни пророштва на ум кога го испитувале Јован Крстителот, да ги прочитаме приговорите на Евреите во следните стихови:

> **„И го запрашаа, велејќи: ‚Зошто тогаш крштеваш, кога не си**
> **а) Христос**
> **б) ни Илија**
> **в) ниту пророк?‘“** (Јован, 1:25)

Евреите чекале исполнување на три различни пророштва: Едно, доаѓањето на Христос. Второ, доаѓањето на Илија, и трето, доаѓањето на Пророкот.

# „Пророкот“

Ако погледнеме во која било Библија која е согласна или која има накрсни референци, тогаш на маргините,

каде што се јавуваат зборовите „Пророкот“, или „тој Пророк“, кои се јавуваат во Јован 1:25, ќе најдеме дека се однесуваат на пророштвото од Повторените закони 18:15 и 18. И преку надмоќни докази докажавме дека „Пророкот“ – **„пророкот сличен на Мојсеј“** – **„Каков што си Ти“** бил Мухамед, а не Исус!

Ние, муслиманите не негираме дека Исус бил „Месијата“, збор кој е преведен како „Христос“. Ние не ги оспоруваме ‚илјада и едното‘ пророштво за кои христијаните велат дека ги има многу во Стариот Завет, претскажувајќи го доаѓањето на Месијата. Она што ние го велиме е дека Повторените закони 18:18 не се однесуваат на Исус Христос, туку дека тоа е изрично пророштво за Пратеникот Мухамед!

Свештеникот, мошне учтиво се раздели со мене велејќи дека дискусијата беше мошне интересна и дека многу би сакал да дојдам еден ден и да му се обратам на неговиот верски собир со оваа тема. Помина една и пол деценија од тогаш, но јас сè уште ја чекам таа можност.

Верувам дека свештеникот беше искрен кога ја направи понудата, но предрасудите тешко умираат и кој би сакал да го загуби своето стадо?

## Отровниот тест

Им велам на јагнињата на Христос, зошто не сакаат да го применат лутиот тест што самиот Господар сакал да го примените за кој и да е божемен баратател на пророштвото? Тој рекол: **„По нивните плодови ќе ги познаете. Се бере ли грозје од трње, или смокви од чичка?**

**Па така, секое добро дрво дава добри плодови, а лошо дрво дава лоши плодови... и така, по нивните плодови ќе ги познаете.“** (Матеј, 7:16-20)

Зошто се плашите да го примените овој тест врз учењата на Мухамед? Во последното откровение на Бога – Чесниот Куран – ќе го најдете вистинското исполнување на учењата на Мојсеј и на Исус кое на светот ќе му ги донесе толку потребните мир и среќа. „Ако еден човек, како Мухамед, го презел врз себе управувањето на модерниот свет, тој би успеал во решавањето на неговите проблеми на начин што би ги донел толку потребните мир и среќа.“ Џорџ Бернард Шо (Goeorge Bernard Shaw)

# Најголемиот!

Неделното списание TIME од 15 јули, 1974, приложи избор на мислења од различни историчари, писатели, воени лица, бизнисмени и други, на тема: „Кои биле најголемите водачи во историјата?“ Некои рекоа дека тоа бил Хитлер, други рекоа Ганди, Буда, Линколн и слично. Но Џулс Масерман, психоаналитичар од САД веднаш постави стандарди давајќи ги правилните критериуми според кои би се судело. Тој рече: „Лидерите треба да исполнуваат три функции:

(1) обезбедување благосостојба за предводените,
(2) обезбедување социјална организација во која луѓето се чувствуваат релативно безбедни и
(3) обезбедување определен број уверувања за нив“.

Преку горните три критериуми тој ја пребарал историјата и ги анализирал – Хитлер, Пастер, Цезар, Мојсеј, Конфучиј и многу други, за на крајот да заклучи:

„Луѓето како Пастер и Салк, во прва смисла се водачи. Луѓето како Ганди и Конфучиј, од една страна, и Александар, Цезар и Хитлер, од друга, се лидери во втора и можеби во трета смисла. Исус и Буда единствено припаѓаат во третата категорија. Можеби најголемиот лидер на сите времиња бил Мухамед, кој ги соединил сите три функции. Во помал степен, Мојсеј го сторил истото.“

Според објективните стандарди, поставени од професорот од Универзитетот во Чикаго, за кој мислам дека е Евреин, – Исус и Буда се слични во приказот на „Големите водачи на човештвото“, но според чудни коинцидентни групи, Мојсеј и Мухамед се заедно, вака додавајќи му дополнителна тежина на аргументот дека Исус не е како Мојсеј, туку Мухамед е како Мојсеј: Повторени закони, 18:18 **„Каков што си Ти“** – Како Мојсеј!

Како заклучок, ќе завршам со цитат на еден христијански свештеник, коментатор на Библијата, следејќи го цитатот на неговиот Господар:

„Основен критериум за вистински пророк е моралниот карактер на неговото учење.“

проф. Дамелоу

**„По нивните плодови ќе ги познаете.“**

(Исус Христос)

# Заклучен предлог – ајде да расудуваме заедно!

> **„Кажи: ‚О, следбеници на книгата! Дојдете да се собереме околу еден збор, заеднички за нас и за вас: никого освен Аллах да не обожуваме, никого да не сметаме за рамен нему и никој од нас да не земе други господари освен Аллах!‘ Тогаш, ако тие не се согласат, вие речете: ‚Бидете сведоци дека ние сме муслимани (по-корни кон Божјата волја)‘“** (Куран, 3:64)

„Следбеници на книгата“ е учтива титула дадена на Евреите и на христијаниte во Чесниот Куран. Овде на муслиманите им е наредено да повикаат **„О, Следбеници на Книгата“** – О учени луѓе! О, вие кои тврдите дека сте примачи на Божественото Откровение, на Светото писмо, да се собереме околу заедничката платформа – **„никого да не обожуваме освен Бога“**, бидејќи никој освен Бог не е достоен за обожување, не затоа што **„Јас сум Господ, Бог твој; Бог ревнител, кој за гревовите на татковците ги казнува децата до третото и од четвртото колено, оние, кои ме мразат“** (Исход, 20:5), туку затоа што тој е нашиот Господар и Оној кој бдее над нас, наш Хранител и Старател, достоен за обожување, за молитва и за предаденост.

Фиктивно Евреите и христијаните би се согласиле со сите три предлози, содржани во овој курански стих. Во практиката – тие не успеваат. Покрај доктринарните грешки од едноштвото на Единствениот Вистинит Бог

(Аллах, возвишено нека е Неговото битие) тука е и прашањето на осветеното свештенство (тоа, исто така, било наследно и меѓу Евреите), каде што обично човечко суштество – Папа, или свештеник, или браман, може да зема право за надмоќност, независно од неговото знаење или чистота на неговиот живот, или, во некоја посебна смисла, може да застане меѓу човекот и Бога. Исламот не го признава свештенството!

Верувањето на исламот овде ни е дадено во лушпа од орев од Чесниот Куран:

> **„Кажете: ‚Ние веруваме во Аллах и во она што ни е објавено, и на она што му беше објавено на Авраам, и на Исмаил, и на Исак, и на Јаков, и на внуците и во она што му е дадено на Мојсеј и на Исус, и во она што им е дадено на (сите) Веровесници од нивниот Господар: ние не правиме никаква разлика меѓу нив, и ние само на Аллах му се покоруваме.‘“** (Куран, 2:36)

Ставот на муслиманот е јасен. Муслиманот не тврди дека постои религија сама за себеси. Исламот не е секта или етничка религија. Од негов аспект, сета религија е една, бидејќи Вистината е една. Тоа е истата религија, проповедана од сите претходни пророци. (Куран, 42:13). Тоа е вистината, учена од сите вдахновени Книги. Всушност, тоа е свесноста на Божествената волја и план и радосното потчинување на таа вoјла и план. Ако некој сака некоја друга религија освен неа, тој е лицемерен кон својата сопствена природа, како што е лицемерен кон Божјата волја и планот. Таквиот не може да очекува упатство, зашто тој намерно го одбива упатството.

*Крај на предавањето*

# Содржина

Мојата прва поважна средба.............................................. 5
Папата или Кисинџер ...................................................... 6
Среќната тринаесетка ...................................................... 7
Зошто ништо.................................................................. 8
Никој според името!......................................................... 9
Што е Пророштвото? ..................................................... 10
Пророк сличен на Мојсеј ................................................ 11
Три разлики .................................................................. 13
Татко и мајка................................................................. 14
Чудесно раѓање............................................................... 14
Брачни врски ................................................................. 15
Исус отфрлен од својот народ ......................................... 16
„Оносветско“ царство...................................................... 16
Без нови закони.............................................................. 18
Како умреле тие............................................................. 20
Небескиот дом ............................................................... 20
Исмаил Првородениот ..................................................... 21
Арапите и Евреите.......................................................... 22
Зборови во устата .......................................................... 22
Верниот Сведок.............................................................. 24
Неписмен Пророк........................................................... 25
Важно предупредување .................................................. 26
Крстителот контрадикторен на Исус.............................. 28

Три прашања! ........................................................................ 30
„Пророкот“.............................................................................. 30
Отровниот тест....................................................................... 31
Најголемиот!.......................................................................... 32
Заклучен предлог – ајде да расудуваме заедно! ............. 34

27-23:28-31(042)

ДИДАТ, Ахмед

Што вели Библијата за Мухамед / Ахмед Дидат ; превод [од англиски јазик ] Фатмир Ковачи. - Скопје : Здружение на граѓани „БЕЛИГ“ - Скопје, 2023. - 38 стр. ; 21 см

Превод на делото: What the Bible says about Muhammed / Ahmed Deedat. -
Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4914-07-5

а) Библија -- Мухамед, пророк -- Предавања

COBISS.MK-ID 60713477